Врз основа на член 16 став (4) од Законот за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/23), Управниот одбор на Комората на вештаци на седницата одржана на ----- донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ И СИСТЕМОТ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ ЗА ВЕШТАК

Член 1

Со овој правилник поблиску се определува начинот на полагање и системот на оценување на стручниот испит за вештак.

Член 2

Барањето за полагање на стручниот испит за вештак се поднесува до Министерството за правда на Образец претходно донесен од страна на министерот за правда.

Член 3

Полагањето на стручниот испит започнува со теоретскиот дел кој се спроведува писмено, со одговарање определен број прашања и од практичен пример (изработено вештачење) и негова усмена одбрана.

Член 4

За теоретскиот дел од испитот се подготвени комбинации на прашања на еднообразни листови (картички) со печат на Министерството за правда.

При изборот на прашањата не смее да се дозволи нарушување на нивната тајност од ниту еден присутен.

Теоретскиот дел од испитот трае два часа и за времето на полагање лицето не смее да ја напушта просторијата за полагање.

Член 5

Теоретскиот дел се изведува во присуство на претседателот односно неговиот заменик, членовите на испитната комисија односно нивните заменици и секретарот на Комисијата.

Теоретскиот дел се оценува со „добро“ и „слабо“.

Кандидатот чиј теоретски дел е оценет со „слабо“ се смета дека не го положил теоретскиот дел од стручниот испит за вештак и не може да продолжи со полагање на практичниот дел од испитот за вештак.

Пред започнување на изработката на практичниот дел, претседателот или членот на Комисијата ги предупредува кандидатите за одредбите од Законот за вештачење (бр.154/23) и овој правилник, на кој се должни да се придржуваат за време на полагањето на испитот.

Член 6

Практичниот дел од испитот се состои од практични примери со кои се проверува практичната способност на кандидатите за вештаци од соодветна област, претходно изработени од страна на Комората за вештаци.

Сите практични примери се во еднообразни папки без никакви обележја и нумерации.

Секој кандидат кој го полага испитот сам го избира својот предмет врз основа на кој го изработува вештачењето.

Член 7

Практичниот дел од испитот трае два часа и за времето на изработката на вештачењето лицето не смее да ја напушта просторијата за полагање.

Член 8

За изработка на практичниот дел кандидатот добива листови со печат на Министерството за правда на кои го изработува вештачењето.

Член 9

Практичниот дел на испитот се изведува во присуство на претседателот односно неговиот заменик, членовите на испитната комисија односно нивните заменици и секретарот на Комисијата.

Практичниот дел се оценува со „ПОЛОЖИЛ " и „НЕ ПОЛОЖИЛ".

Кандидатот чиј практичен дел е оценет со „НЕ ПОЛОЖИЛ" се смета дека не го положил стручниот испит за вештак.

Член 10

Изработеното вештачење се предава пред истекот на времето предвидено за изработка на задачата на начин што пристапува кон негова усмена одбрана.

По завршување на практичниот дел од испитот најдоцна во рок од три работни дена на седница на сите членови на Испитната комисија записнички се утврдуваат резултатите од практичниот дел испит со положил или не положил.

Член 11

За текот на целиот испит се води записник во кој се внесуваат следниве податоци: име и презиме на кандидатот, состав на Комисијата, време на полагањето на испитот, испитни прашања по кои кандидатот се испитува, оценка за теоретскиот дел од испитот за вештак, оценка за практичниот дел од испитот за вештак и други поважни забелешки во текот на испитот.

Записникот го потпишуваат претседателот, членовите и секретарот на Комисијата.

Член 12

(1) На кандидатот кој го положил стручниот испит за вештак, Минстерството за правда му издава уверение за положен испит на образец претходно донесен од страна на министерот за правда.

Член 13

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

25.06.2025г. Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМОРА НА ВЕШТАЦИ НА РСМ
Проф. д-р Виктор Камнар